**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Седмата седница на Националниот совет за евроинтеграции**
**одржана на 26 ноември 2019 година**

**Скопје, ноември 2019 година**

Седмата седница на Националниот совет за евроинтеграции започна во 10:08 часот.

**Претседател на Националниот совет за евроинтеграции**
**Никола Попоски:**

Добар ден на сите присутни, претставници на Националниот совет за евроинтеграции, почитувани амбасадори, претставници на граѓанските организации, дами и господа, на денешната седница на Националниот совет за евроинтеграции поканети се и членовите на Комисијата за европски прашања, Комисијата за надворешна политика, Мешовитиот парламентарен комитет помеѓу Македонија и Европската Унија, делегацијата на Европската Унија и претставниците на земјите членки како и граѓанските организации.

На почетокот би сакал да го поздравам и присуството на Неговата екселенција Кристијан Тимоние, амбасадор на Франција. Ви благодарам за прифатената покана. Со нас денес е и заменик претседателот на Владата задолжен за европски прашања, господинот Бујар Османи.

На денешната седница предложен е следниот дневен ред:

- **Најавениот нов пристап кон проширувањето на Европската Унија, идеи и предизвици.**

Предлагам да го усвоиме предложениот Дневен ред.

Кој е за?

Кој е против?

Кој е воздржан?

Констатирам дека е усвоен Дневниот ред на Седмата седницата на Националниот совет за евроинтеграции.

Пред да започнеме со дебатата од Дневниот ред, предлагам да го усвоиме Записникот од претходната, Шеста седница на Националниот совет за евроинтеграции, кој ви беше доставен по електронска пошта.

Дали има забелешки по однос на текстот од Записникот?

Доколку нема, констатирам дека Записникот од Шестата седницата на Советот е усвоен без забелешки.

Преминуваме на точката од Дневниот ред.

Почитувани, иако институциите на Европската Унија ја реафирмираа својата заложба за политиката, во однос на политиката за проширување, Македонија е се уште без датум за почеток на пристапните преговори. Позната ни е одлуката на лидерите на Европскиот совет од 18 октомври годинава, дека Советот ќе се наврати на прашањето за преговори не подоцна од одржувањето на Самитот помеѓу Европската Унија и Западен Балкан во Загреб, во мај следната година.

Изразуваме благодарност до Европскиот парламент и Резолуцијата усвоена со големо мнозинство од 24 октомври во однос на едногласната одлука за почеток за преговори со Македонија и Албанија и повикувањето до Советот да ја преземе одговорноста и да постапи согласно преземените обврски.

Воедно би сакале да ја истакнеме и поддршката од Европскиот економски социјален комитет кој на 31 октомври усвои Резолуција за отворање на пристапните преговори, под наслов: Кредибилитет на Европската Унија и стратешки интереси кои треба да се поддржат.

Во меѓувреме, Франција, како што и беше најавено, до земјите членки на Европската Унија достави неофицијален предлог основа, документ со кој се предлага реформирање на процесот на пристапување во Европската Унија. Финското претседателство ја зеде во предвид изјавата за заедничка посветеност на земјите и утврди дека сите се согласни за корисноста од преиспитување на ефективноста на процесот на преговори за пристапување и натамошно информирање за напредокот на реформите. Се очекува новиот состав на Европската комисија да ја зачува европската перспектива за земјите од Западен Балкан и да излезе со конкретни усогласени предлози за новиот пристап. Според дискусиите кои сега се одвиваат во Брисел, се очекува до крајот на јануари да има некаков документ на оваа тема.

Без натамошно должење, би го поканил амбасадорот на Франција, Кристијан Тимоние да ни се обрати и да ни ги образложи предлозите за реформирање на процесот на Европската Унија од кој зависи и нашата перспектива. Ви Благодарам.

Амбасадоре повелете.

**Кристијан Тимоние:** Благодарам господин претседател.

Драги колеги, големо е моето задоволство, но исто така и ми е незгодно да ви се обратам во момент нели, кога се наоѓаме во екот на подготовките, односно на работите. Би сакал само да ви кажам дека за нас, европската перспектива на земјите од Западен Балкан останува таква каква што е, во насока на говорот на Сорбона на нашиот претседател на Републиката, кој што повтори дека за нас европскиот проект ќе продолжи да се спроведува и за целосно интегрирање на Западен Балкан во една реновирана Унија.

Но, се разбира дека ќорсокакот не ја спречува обновата и ќе ви кажам дека се најдовме во ќорсокак и тоа двоен, од една страна затоа што преговори беа почнати со одредени земји и траат десетици години, со две земји до Западен Балкан, поради која заклучуваме дека се доведува во прашање целата таа методологија. И вториот ќорсокак е оној за реорганизација во одлучувачкиот процес во рамките на Европската Унија. Идејата сега е да не се продолжи на систем кој што повеќе не функционира, туку идејата е да се создаде, не во контекст на историска грешка кој што се појави, туку идеја дека постои историска шанса да се создаде систем кој што ќе функционира и кој без сомнение ќе биде многу побрз споредено со претходниот систем. Кога нашиот министер за европски прашања дојде овде и се кажуваше, отворајте да се даде само датум, а потоа нека траат преговорите 20, 30 години. Но ќе кажам дека, не, тоа не е нашата перспектива, бидејќи нашата перспектива е да одиме до крај и ние тоа ќе го постигнеме преку четири принципи, нема да го повторувам Нонпејперот, затоа што истиот беше објавен јавно, но и сите лица присутни овде го добија и сигурно го изанализираа.

Но сепак ќе се навратам само на четирите принципи, односно степенесто напредување на вклученост на земјите во еден долг процес во кој претходно земјите се изгубиле попатно, односно етапен напредок, во седум етапи во строги услови, но тоа се услови кои што ги бара и јавното мислење во тие земји, затоа што видовме дека дури и во земји кои што се веќе дел од Европската Унија, јавното мислење изразува големо незадоволство во однос на одредени теми, на пример, функционирањето на судството. И со тоа се поставуваат потешкотии во однос на владеењето на правото, особено за тема брз

база на која ние сакаме да ја изградиме Европската Унија. Третата точка е конкретниот бенефит кој што ќе го имаат земјите членки во секоја етапа. Тоа е нов аспект кој што ќе им овозможи на земјите директно да се заинтересираат за тој напредок. И, четвртата точка е реверзибилноста на процесот. Тоа значи дека доколку не се забележи напредок или ќе има назадување, тогаш има капацитет Унијата да ја врати земјата назад, односно ќе се напредува по помината одредена етапа и целиот тој бенефит ќе биде одземен. Со тоа ќе се даде дополнителна тежина кај јавното мислење, но исто така и кај организациите од граѓанскиот сектор за да бараат постојано владите да им испорачуваат сметки, доколку се назадува во некоја област. Тоа е урамнотежен, но и прогресивен пристап, кој според нас соодветствува со реалноста во Западен Балкан и најверојатно одговара на помотиварчки процес.

Не би сакал да кажам дека е тоа документ кој што треба да се земе или да се остави, но тој документ веќе постои и самото тоа е доволно самото по себе, бидејќи во тој документ веќе има нови точки или точки кои што постоеле и претходно, но не биле спроведени. Кога некој ќе ми каже дека нема ништо ново во тој документ, тоа значи дека повторно се враќаме во реалноста, тоа значи дека имало правила, но кои што не се почитувале. Сега, според оваа методологија која што е реална се содржани одредени одредби кои што можеби не се спроведувале претходно. Се разбира, сега ние ги очекуваме реакциите од другите држави членки. Сакаме да напредуваме брзо и посакуваме процесот да биде завршен до крајот на месец јануари, што ќе ни овозможи потоа да се трасира патот кон Загреб на подоверлив начин. Но за тоа ќе треба и новата Европска комисија да одговори на нашите желби, но исто така ќе треба и државите членки да се покажат конструктивни. Но впрочем, ние тоа и го очекуваме, затоа што ја имаме таа споделена волја која што беше изразена и од страна на Европскиот парламент, затоа што сите посакуваат да се отвораат преговорите колку што е можно побрзо, а овде нема ништо да ги спречи спроведувањето на реформите, туку напротив, затоа што има и конкретни барања во однос на завршувањето на Законот за специјално обвинителство и сите други закони кои што произлегуваат од тоа. И тоа се области во кои што ние очекуваме напредок и тоа е ставено можеби на крајот на страницата, но тоа е нешто што има тежина и тоа беше кажано на вашиот амбасадор во Париз од страна на нашиот генерален секретар. И, сакаме да ги слушнеме и самите засегнати земји за нивното размислување во однос на овој документ, овој нон пејпер без нив, би бил неактивен.

Од ваша страна посакуваме активност и  ви благодариме.

**Никола Попоски:** Благодарам амбасадоре.

Следен би го поканил да се обрати заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања и член на Националниот совет за евроинтеграции. Би сакал да спомнам дека во истава сала следи Комисија за Буџет, веднаш после нас, би ве поканил сите кои сакате да имате интервенција, да пополните лист и да го дадете тука и да се држиме до временските рамки, затоа што ќе мора да прекинеме со седницата во времето во кое продолжува Комисијата за Буџет. Благодарам.

Потпретседателе, повелете.

**Бујар Османи:** Благодарам.

Почитувани пратеници, дозволете ми да го започнам мојот говор изразувајќи мое жалење за несреќата, катастрофалната несреќа што денеска сабајле се случи во Албанија,

што според нашите информации говори дека фаталниот земјотрес има веќе 7 лица кои ги изгубиле своите животи и други материјални штети и да ве информираме дека Владата на Република Северна Македонија прави напори за да се солидаризира и да им излезе во пресрет и на помош на нашите пријатели соседи во Албанија.

Почитувани пратеници, дозволете, иако во неколку наврати ги имам искажано моите согледувања по добивањето на францускиот предлог како да се модифицира начинот на кој што земјите кандидати преговараат со Европската Унија, притоа секогаш имам потенцирано дека се тоа мои лични согледувања и согледувања на институцијата која што ја раководам, бидејќи сме во една фаза на вкрстување на погледите помеѓу сите институции кои што имаат надлежност во овој процес, за да можеме да имаме унисон, односно унифициран државен став, кој што очекувам деновиве да го дефинираме како таков, притоа имајќи ги предвид и ставовите на другите земји членки и партнери, и потоа да го направиме јавен тој став на Владата. Меѓутоа е добро што денеска се свикува овој Национален совет за да можеме пошироко да го согледаме францускиот предлог, меѓутоа, не само францускиот предлог, туку и тоа што очекуваме да биде европски предлог. На крај, откако овој предлог ќе биде разработен од Европската комисија и усвоен од сите земји членки, и од Европскиот совет, која ќе биде всушност методологијата која ќе ги дефинира правците на преговорите во иднина.

Морам да кажам на почетокот дека, и да бидам нескромен, дека ние во октомври заслуживме да започнеме преговори. Некои бројки во Секретаријатот извадија откако, бидејќи знаете дека една година веќе завршуваме од објаснувачкиот скрининг, во кој што нашите луѓе од администрацијата одат во Брисел и слушаат што е тоа што во текот на преговорите, ние треба да транспонираме во нашето законодавство, односно не само во текот на преговорите, во текот на целиот процес на асоцијација со Европската Унија.

Бројките покажуваат дека ние сме пренеле во нашето законодавство околу 3 илјади правни акти од Европската Унија. А слушаме во објаснувачкиот скрининг дека се вкупно околу 7 илјади, што значи дека 30% од европското законодавство е веќе дел од нашето законодавство. По една логика, проста, тоа значи дека ние сега треба да бидеме на една третина од преговорите со Европската Унија. Ние не сме започнати со преговорите, а имаме една третина од европското законодавство во нашето законодавство. Тоа одговара на прашањето, дали бевме подготвени во октомври. Да, и никој да не ви каже дека не сме биле подготвени. Значи, ние имаме направено работи кои што ниту една земја во периодот кога добила преговори има постигнато. И не дозволувајте да имате чувство на инфериорност дека ние не сме исполниле тоа што треба. Направивме се што беше во наша моќ и повеќе, и повеќе од тоа. И се разбира дека поради тоа и бевме разочарани. Ние бевме разочарани. Беше неочекувано.

Институциите беа разочарани, вработените во администрацијата кои што се со ентузијазам чекаа дека после 19 години потпишана спогодба на стабилизација и асоцијација, после 10 препораки од Европската комисија, после решени сите прашања кои што ни беа кажани дека тие се проблемите за започнување на преговори, дека луѓето кои што во администрацијата, а беа задолжени за тие прашања гледаа на крај, светло на крај на тунелот всушност видоа светло од воз кој што доаѓа во тунел.

Меѓутоа тоа чувство може да си го дозволат граѓаните но не можеме да си го дозволиме ние политичарите. Ние немаме ниту време, ниту право за емоции, туку стратешки да размислуваме за нашиот мандат кои што го имаме од граѓаните, а тоа мандат

дека единствена алтернатива е полноправно членство во Европската унија и ништо помалку од тоа. Ние немаме мандат друг за да разговараме за да размислуваме за ништо помалку од полноправно членство во Европската унија и тоа е единствен став на сите граѓани независно за која политичка партија, на етничка група тие припаѓаат. Нашите стратешки цели се утврдени и тоа е членството во Европската унија и ние мора да најдеме начин како да ја исполниме таа определба на нашите граѓани. Одлуката во октомври беше како резултат на дилемите во Европската унија како ќе продолжи Европскиот проект и само тоа е вистината. Но, ние сме партенери на Европската унија. И во добро и во лошо и не можеме само кога е добро во Европската унија ние да покажеме желба и солидарност да бидеме во партнерство но кога се во криза партнерите ние да ликуваме на тоа и да почнеме само да обвинуваме дека виновни се за нашата судбина. Ние сме партнери и ќе се помогнеме еден на друг кога ние сме во криза како што секогаш во било која кризна ситуација единствени кои што доаѓало помош беа токму Европската унија и САД и ние ќе бидеме солидарни за да ако треба да се семени новата методологија затоа што Европската унија смета дека треба да се смени ние ќе бидеме партнери и во промовирање и во спроведување на таа нова методологија.

Во однос на Францускиот документ прво што ми многу важно е дека Франција излезе многу брзо со нон пејперот после октомврискиот самит. Бидејќи одлуката во октомври постави една голема празнина во државата, една голема неизвесност кај граѓаните, едноставно луѓето беа во едно хаотично движење што сега, што понатаму, како да ги конвергираме активностите во една линија на Европските интеграции. И мислам дека француската држава сфати дека мора веднаш да реагира на таквата празнина која што секој може да ја киднапира. Таа неизвесност која што може секој да ја пополни и добро е што излезе со методологија која што и без да ја анализираме и прочитаме ми е доволно дека дава фокус, дава насока, а особено фактот дека црно на бело во самата методологија пишува дека крајната цел е полноправно членство во Европската унија. И со тоа се згаснуваат сите дилеми за некакви си алтернативи за некакви си специјални односи па дури и тоа што го има на првиот пасус од нон пејперот.

Тоа нас не не буни, наша единствена цел е полноправно членестово ниту врски, блиски со Европската унија ниту специјални односи со Европската унија и Благодариме на Франција, не само за фронтното, брзо реагирање со нон пејперот, но и со фактот што го добивме ние во истиот ден кога го добија и сите земји членки, за да учествуваме во размислувањата за овој документ. Документот го гледам повеќе како писмо на намери од колку како на рецепт кој што детално разработува подготвување на некаква торта. Значи, во документот, доколку се обидеме да прочитаме технички детали и прецизен рецепт и акционен план, мислам дека ќе ја изгубиме големата слика, од дрвјата ќе ја изгубиме шумата. Документот дава стратешки насоки за развивање на проектот на Европската унија и каде Западниот Балкан е во тој процес и мислам дека намерите се добри и чесни. Намерата да се направи процесот на трансформација на Европската унија и конвергенцијата суштинска уште во процесот на, во фазата на преговори е добронамерна. Пошто, очигледно е чувството на повеќе земји членки, не само на Франција дека бирократизираниот процес на преговори во некои земји кој што веќе ги преговараат не ги дава резултатите. Ние не се плашиме од посебни услови, ние не се плашиме од заострени методологии, ние не се плашиме од милион бенџ маркови, ние се плашиме од иреверзибилност на процесот. Затоа што, покажавме оваа земја има ентузијазам, има волја и знаење да напредува во процесот

на евроинтеграциите. Нас политичките блокади во процесот не запираат до сега. Кои што доколку не беа, ние одамна би биле многу далеку во Европскиот процес, затоа, не се плашиме од технички препреки, нас ни се важни стратешките ориентации и позиции на Европската унија во поглед на проширувањето и можноста што ја дава ова нова предлог методологија кој што доколку биде прифатена од другите 27 земји членки или 26 земји членки, во зависност како Комисијата ќе ја разработи тогаш во еден рецепт или во детален акционен план. Меѓутоа, важните насоки дека предвидува вклучување во политиките во Европската унија во структурните фондови. Јас, вчера имав една прилика во едно мое појавување, видов некои податоци во нашите пред пристапни ИПА2 фондови, целиот Западен Балкан има добиено 4,3 милијарди евра. Сите 6 земји членки, само Хрватска, во период во 2014 и 2020 има добиено 12,3 милијарди евра структурни фондови. Односно, ние сме добиле 300 евра по глава на жител предпристапни фондови, Хрватска има добиено 3500 евра по глава на жител, 11 пати повеќе од колку земја кандидат. И, тоа е важно што значи пристап до структурните фондови, уште во процесот на преговори со цел полесна, економска, социјална, политичка конвергенција со Европската унија, вклучувајќи ја и иреверзибилноста која што на прв поглед може да звучи дека е негативна меѓутоа, иреверзибилноста значи повеќе страв и фокус на било која Влада, дека не смее да направи девијација од стратешките односно, ориентациите кои што ги дава процесот ма преговори.

Дали имаме дилеми? Имаме дилеми, кој што ги разгледуваме секој ден, што значи на пример Консекутивноста, што значи завршување на еден блок или на една фаза пред влегување во втората фаза, колку тоа процесот ќе го одложи, што со другата фаза во момент додека разговараме со едната фаза, дали тоа значи дека ќе ги исклучиме другите фази додека не стигнеме до четвртата или петата фаза. Но, меѓутоа, имајќи предвид дека ова е писмо на намери, очекувам дека Европската комисија кога ќе го разработи деталниот план ќе ги има предвид сите детали, реалноста каде што сме ние до сега во процесот на имплементација на спогодбата за стабилизација и асоцијација. Дилемата која што беше во јавноста, дали ова важи само за четирите земји или за Србија и Црна Гора како преговарачи. Дали во Балканот се создава, Балкан со две брзини на движење, со две методологии кои што е основа на дезинтеграција повеќе на регионот од колку интеграција. Добро е што информациите и од Франција и од другите земји се дека методологијата, идната, доколку биде усвоена ќе важи за сите земји членки и тоа е многу важен стратешки чекор при донесување на таа методологија. Има и други, се разбира дилеми кои што можам да ги кажам тука, но најважното уште еднаш ќе повторам, е дека процесот можеме да го гледаме дека е во една пауза, додека не се консолидираат одредени прашања во Европската унија, но тоа не значи пауза и за нас, пауза и за нашиот реформски процес, бидејќи, ние имаме домашни задачи кој што треба да ги завршиме. Ние немаме формални обврски за започнување на преговори, но имаме многу задачи дома за да го направиме подобар животот на граѓаните. Имаме уште малку време до техничката Влада, уште еден месец, имаме уште 4 месеци до предвремените парламентарни избори. Да го искористиме секој ден, за да испорачаме во делот на реформите. Ја повикувам опозицијата барем во овие прашања кој што се толку стратешки и историски, еве ќе го спомнам Законот за јавно обвинителство, да најдеме сили и да го донесеме тој закон пред пролетта, за да навистина не оставиме ниту еден аргумент за започнување на преговори. А, кој и да ви каже, и опозицијата после мој говор, кој што во делот на дневно политичката борба ќе се обиде да каже дека Владата нема направено ништо во реформите. Да не паднеме под стапица дека

државата Северна Македонија, не зборам Владата, бидејќи успесите ги дава и на претходната Влада со ВМРО и сега со СДСМ, државата ги има исполнето сите услови за започнување на преговори и никој да не стави во позиција да размислувате дека заради наша вина не сме ги почнале преговорите во октомври. Но, пак ќе кажам, да не мислиме дека ние имаме време за пауза да смогнеме сили до јануари да испорачаме тоа што можеме а потоа да организираме перфектни избори во кој што никој не може да ни најде мана и да чекаме кога Европската унија ќе донесе одлука како ќе се движи Европскиот проект. Ви благодарам на вниманието.

**Никола Попоски:** Ви благодарам.

Сега би се обратил јас како претседател на Националниот совет за евроинтеграции.

Со оглед на актуелноста на прашањето, мислам дека е вистински момент и нашите размислувања да ги споделиме по однос на ситуацијата која во моментов ја имаме во рамки на Европската унија. Најпрвин би рекол, не е прв пат, многу веројатно не е ни последен пат да нема одлука на Европски совет во однос на Македонија. Значи, последниот Совет немаше одлука. Исто онака, како што немало одлука на Совет во 14та, во 13та, во 12та, во 9та и ред други Совети. Тоа што е значајно кога немаме одлука треба да знаеме дека има две причини генерално, зошто нема одлука за нешто. Првата, и таа мислам главна е дека земјите членки не се над, дека нешто е многу критички важно за нив во тој момент. Доколку, е нешто многу критички важно, секогаш носат одлука. Добра, помалку добра, повеќе добра, помалку лоша или повеќе лоша, но носат одлука. Проценката било, очигледно дека ова не е едно од најкритичните прашања во дадениот момент и второто, притисокот, односно очекувањата на јавноста, домашната јавност во земјите членки за носење некаква одлука, очигледно немало во овој момент ни притисок или очекувања во однос на оваа политика. Значи, почнуваме од тоа дека немаме одлука. Во однос на носењето на одлуките во земјите членки мислам дека е важно за нас да знаеме дека тие одлуки се носат под притисок на домашната јавност. Значи секогаш земјите членки во Брисел односно Европската унија се позиционираат онака како што одговара на определена политичка ситуација во земјата членка во тој момент. И најчесто доколку немате одлука тие одлуки нема да се сменат доколку не се сменат околностите од домашната политика. Ова го спомнувам бидејќи има многу паралели што можеме да ги повлечеме помеѓу она што се случува во земјите членки и она што се случува во кандидатите. Најголемиот хендикеп кој можеме да го имаме во однос на потребата или климата во земјите членки да се носи одлука за проширувањето е нашиот имиџ, имиџот на кандидатите и во најлоша ситуација тој би требало да биде неутрален за да очекуваме еден ден или еден совет да се донесе одлука за отпочнување или за завршување на преговорите се надеваме сите и за членство ден поскоро.

Третата точка која би ја спомнал е сегашното менување на методологијата. Тоа што мислам дека за нас е значајно да го потенцираме дека ова менување на методологија во пракса не се однесува на Македонија или на Албанија. Зошто? Затоа што најмногу ќе се одрази на Србија и на Црна Гора кои веќе почнале според некаква методологија каква да била таа преговори и ќе биде многу тешко во оној момент кога земјите членки ќе почувствуваат дека имаат интерес за нова методологија да се соопшти тоа или да се сподели со Србија и Црна Гора, затоа што во нивната јавност првото прашање ќе биде нели почнавме пред толку години, нели отворивме толку поглавја, нели затворивме толку поглавја и сега ни викаат дека ќе има промена во однос на процесот. Многумина се надеваат на тоа

дека барем во Србија и Црна Гора дека тоа нема да се однесува на нив. Но, ќе има сериозни потешкотии да се применат неколку методи за проширување со неколку земји од кои нити една нема сериозна тежина за да може да влијае на процесот на носење на одлуки во рамки на Европската унија и мислам дека тоа треба да го имаме во предвид и особено фактот што имаме уште една земја која има специфична тежина тоа е Турција и е во процес на преговори. Колку и да сакаме да ги раздвоиме веројатно процесот на преговори ќе мора на некој начин да стандардизира во една или во друга насока. Односно така како што ни одговара нас или така како што им одговора на другите. Во однос на новиот предлог немам ништо друго да истакнам освен една најзначајна порака а тоа е дека се да погледнете оној конкретен документ или предлог или теза за размислување како што спомна амбасадорот претходно може да се приемни со сегашната регулатива. Значи немате потреба да менувате вие не знам колку документи регулативи во рамки на Европската унија за да можете да ги примените овие правила според сегашниот принципи на пристапување во Европската унија можеби со еден исклучок а тоа е можноста за пристап до структурните фондови на Европската унија пред да станете полноправна членка.

Имало такви примери претходно, но можеби тоа е единствената специфика, што значи пристап до пари на даночните обврзници на Европската унија кои не се резервирани за проширувањето туку за воедначен, рамномерен, развој и кој генерално одат од побогатите земји членки кон посиромашните земји членки во Европската унија, да не заборавиме дека и региони во богатите земји членки, исто така, имаат пристап до фондови со ваква логика. Но, отворањето на овие фондови до земји кандидати е на некој начин спцифика која можеби бара некое посериозно размислување во однос на пристапот до тие фондови. Не е случајно што структурните се отвораат со новиот предлог, со други зборови, оние земји членки кои денес немаат никаков проблем ние денес да почнеме преговори со Европската унија, за членство. Се тие кои имаат и пристап да речеме најглобално до структурните фондови, а на пример, заедничката земјоделска политика која е многу значајна за определен број на земји кои денес имаат сериозни резерви во однос на проширувањето е многу важна за тие земји, бидејќи, земјоделието има специфична тежина, а тоа не е случај само со Франција, е случај и со Данска, е и случај со Холандија. Богати земји кои се контрибутори во Европскиот Буџет и кои на некој начин велат, во услови во кои се разговара за следната Буџетска рамка во Европската унија. Во ред, ако толку многу сакате да одиме со проширувањето, толку брзо, би било фер, и да ги споделите и средствата кои стојат на располагање со оние кои би влегувале за да, на некој начин ја разбудат свеста во Европската унија дека начинот на кој финансирањето се одвива, нема да може да опстои на долг рок со уште повеќе земји, особено не, после излезот на Британија, која е серозен придонесувач во тој буџет.

Јас би рекол, за заклучок, дека ние треба да тргнеме од тоа што ќе биде ситуацијата во иднина и од тука да ги носиме нашите одлуки или нашите позиции. Затоа што, сегашната ситуација во која сме, е привремено. Вака или така, системот на пристапување во Европската унија ќе се менува, а нас веројатно нема да не прашаат во однос на конечните одлуки. Затоа што, сепак има пари, има буџет, има интереси на земји членки и има внатрешна политика, во рамки на самите земји членки кои се многу побитни од нашето видување. Идните одлуки ќе зависат од три фактори би рекол, број еден, внатрешната политика во земјите членки, број два, односите помеѓу членките и број три, позицијата на Европската унија во рамки на светот. И, во однос на ова, во тој редослед би рекол, што би

рекол Герет Бејл, значи нема да се смени ни односот на приоритетите. Секогаш прво ќе биде, внатрешната политика во земјите членки, второ, ќе бидат односите меѓу членките и дури трето ќе биде позицијата на ЕУ во светот. Примерот за тоа, дека ќе биде така е конкретно предлозите, оној единствен предлог кој можеби бара промена во регулативата на Европската унија до кој фондови би имале пристап пред членството, тоа е навистина внатрешна политика. Лек за трите работи, доколку гледаме на наше ниво и она што ние можеме да го направиме се сведува на истата логика. Прво, би рекол, внатрешната политика, и јас, би рекол дека можеби е охрабрувачки тоа што слушаме денес определен број на владини претставници кои велат дека придонесот за тоа што сме земја кандидат, долгогодишен во Европската унија, припаѓа исто толку на Владите предводени на ВМРО-ДПМНЕ, колку и на Владите предводени Оливер Спасовски Социјалдемократски сојуз. Тоа ме радува, една промена во дијагнозата која ја поставуваме и особено една промена во однос на период во кој се користеше како силен внатрешно политички домашен аргумент дека во земјата имаме поделба за оние кои се за ЕУ и оние кои не се за ЕУ. Без разлика која е причината за тоа зошто би сакале да бидеме во ЕУ. Дали е тоа за пристапот на фондови? Дали е за можноста да се емигрира и да се работи во странство? Дали е заради стандардите кои Европската унија ги носи кај нас. Секој граѓанин, има право на своја логика и образложение, но тоа што не обединува сите, е дека сите на крајот на денот или огромно мнозинство на граѓани сме согласни дека иднината на нашата земја е подобра во Европската унија. Вториот параметар, бидејќи ова се однесува на внатрешната политика е односот со другите, во нивниот случај земји членки, во нашиот случај соседи. И, во овој дел би рекол, многу повеќе треба да не радуваат иницијативите за поголема зближеност помеѓу земјите во регионот, без разлика дали се или не се во ЕУ. Јас би рекол и дури идеи кои на некој начин немаат голема материјална придобивка за создавање на мини шенгени или не знам како. Добара порака се дека на некој начин можеме да комуницираме меѓу нас а на крајот на денот, целото тоа мора да биде дел од Европската приказна. Ако не е, нема да биде функционално, нема да има никаква цел и тави идеи без функционалност и без цел, не може да опстојат. И, третиот параметар, оној кој за земјите членки е ЕУ позицијата во светот, јас би ја нарекол или вербата во тоа што треба да биде Европската унија во светот, во наши рамки, како земја кандидат, би ја превел во вербата за државност. Да веруваме дека имаме капацитет, сами да се справуваме со проблемите, да не се водиме од тоа да некој, некаде, нешто ни рекол, за ние да почнеме да правиме. Тоа е исто толку значајно, колку што е значаен за земјите членки на Европската унија да знаат дека денес, доколку се изгуби обидинетоста во рамки на Европската унија, ниедна земја членка, ни една, ни оние најмоќните и најбогатите нема да се избори за достоинствена позиција во рамки на светот. Што значи, сите имаат интерес да бидат дел од Европската приказна. Во нашиот дел, ако ние не сме свесни дека по оваа приказна имаме потреба од обединителен фактор и одење напред, и ако продолжиме да користиме рецепти за тоа дека некој треба да е на власт, затоа што повеќе или помалку сака да биде дел од Европската унија. Ќе губиме во залет и тоа многу често ќе се врти против нас самите односно ќе биде користен аргумент, лош, како аргумент, зошто повторно да немаме одлука. За крај, би потсетил дека таа одлука што ќе ја донесе Европската унија ние ќе треба да се прилагодиме кон неа, не треба да играме на картата дека ќе се создаде притисок од некои земји членки кон други земји членки за побрз пристап, 2012та и 2013та година имавме по 22 и 24 земји членки на Европската унија кои потпишуваа писмо, пред Советот, за почеток за преговори за Македонија веднаш и

неодложно. Шест, седум години подоцна, ја имаме истата позиција, а во меѓувреме сме ги изнаредиле тезите дека сме направиле она или она, или дека тогаш било правилно, сега не било правилно. Крајната идеја, која може да се преточи во конкретни средства е од страна на оние кои денес ги носат одлуките во Македонија, да се промени начинот или односот кон останатите. Било да е тоа опозиција, било да се граѓански здруженија, било да е поширокатa јавност, и во тој контекст можеби првиот чекор би требало да биде ревидирање на пристапот за водење на преговори од Македонија кон Европската унија. Она што го имаме во моментот е нетранспарентна затворена седница на Влада, носење на тоа кој ќе води преговори, како ќе води преговори, во кој правец ќе се одвиваат. А, сакајќи при тоа, да се задржи некаков монопол на приказната за Европската унија. Тоа не оди во прилог никому, и можеби првиот конкретен чекор, после она би рекол политичко признание дека сите претходно придонесувале исто толку колку сега, да дојдеме до стадиумот да бидеме долгогодишна многу искусна земја членка за земја кандидат за членство во Европската унија. Тоа веројатно ќе ни помогне на сите. Ви благодарам.

**Никола Попоски:**

Следен би ја повикал потпретседателката на Националниот совет за евроинтеграции, пратеничката, госпоѓа Ивана Туфегџиќ. Повелете.

**Ивана Туфегџиќ:**

Ви благодарам претседателе.

Почитуван амбасадоре, почитуван вицепремиер, почитувани гости, колеги пратеници. Денешната расправа е корисна за Нон пејперот кој што Франција го испрати до земјите членки на Европската унија, меѓутоа, сметам дека ова е повеќе расправа за внатре во Европската унија со оглед на тоа дека ова е предлог на една земја членка, а не е предлог на сите земји членки. И, тоа е, мислам дека важен аргумент, односно важен детал кој што денеска ние сите треба да го запазиме овде кога дискутираме по однос на овој документ. Бидејќи, методологија официјална или промена на истата, можеме да дискутираме по одлука на Европската комисија и на институциите на Европската унија. Но, сепак е важен како документ бидејќи, ние и минатиот пат во очи на Самитот на Европскиот совет, овдека дискутиравме и не самите ја укажавме потребата од реформа во процесот на пристапување, бидејќи процесот трае предолго. Нема доволно механизми за ефективно мерење дали земјите одат доволно брзо кон патот на Европската унија. Но, во меѓувреме, не се случи одлука и во меѓувреме се доведе во под сериозен знак прашалник на кредибилитетот на Европската унија. И, затоа,  сега малку и со сомничавост, јас гледам кон овој документ. Бидејќи, кредибилитетот се загрозува кога на земјите членки, односно на земјите кандидати и на целиот Западен Балкан излегува конфузно претседателот  на Франција, ја доведува под знак прашање целосната Европска перспектива во една изјава на сите земји од Западен Балкан. И, тоа е сериозен проблем, бидејќи доколку ја следите изјавата пред Самитот односно, по состанокот на Ангела Меркел и Емануел Макрон, ќе видите дека се доведуваат во прашање некои дилеми итн.

Но, по завршувањето на Европскиот совет, го имате претседателот на Франција, кој излегува и го доведува во прашање дали, воопшто земјите од Западен Балкан треба да бидат членки или да им понудиме некаква друга форма во која што би останале во партнерство со Европската унија. И, сега навистина би било згодно да ни се објасни дали

останува на таа изјава претседателот  Макрон или понатаму, прават Нон пејпер, во кој што ни велат, не ние остануваме на проширувањето на Европската унија. И, проширувањето е се уште на агендата. И, тоа таков вид на конфузни пораки од Европските лидери, подгреваат секакви сили, едно, друго, доведуваат во конфузија Влади, граѓани кои имаат поддршка и тоа се уште имаа силна поддршка кон процесот на пристапување на Македонија кон Европската унија. И, тие граѓани сега се разочарани, меѓу кои јас гледам во документот стои младите. Епа, младите се разочаруваат кога не гледаат перспектива, а не гледаат перспектива кога ќе им кажете едно особено, земајќи во предвид дека ние го усвоивме Преспанскиот договор. Дека ги донесовме Уставните промени, кои се однесуваа на Преспанскиот договор и дека сите европски лидери кои беа во Република Македонија, во Скопје, во Владата, вклучувајќи го претседателот Макрон кој се обрати преку видео до Македонските граѓани и му кажуваа дека ова е отворање на вратата на Македонија во Европската унија. И, сега, ако се доведуваме во прашање дали воопшто ќе станеме членка? Или ќе имаме некаква форма на партнерство кое се уште не се знае какво е, па имаме Нон пејпер, иако имаме јасни Копенхашки критериуми. Европската унија, не е економска унија само по себе, само е економска унија, дај политичка унија, затоа во Копенхашките критериуми, првиот критериум ви е политичкиот критериум. Токму затоа, владеењето на правото, почитувањето на човековите права, слободата на медиумите, итн. Неспорно е, дека беше потребна реформа, но исто така, неспорно е дека моментот кога се отвора прашањето за таа реформа е спорен сам за себе. Имате, Србија и Црна Гора кои преговараат по едни услови, и сега ќе ги имате Македонија и Албанија кои би преговарале под други услови и Хрватскиот премиер со право го поставува прашањето: Под какви услови ќе преговараат понатаму Косово и Босна? И, дали воопшто некој ќе се предомисли во меѓувреме па ќе ја затвори вратата комплетно на Косово и на Босна и Херцеговина. Тоа доведува до прашања на Балканот кои се сами по себе спорни а притоа дозволете ми да потсетам дека се она што е наведено во овој документ, вклучително и уверливоста е еден дел од процесот за стабилизација и асоцијација, а вториот дел стои во стратегијата за проширување усвоена од Европската унија во кој што, Федерика Могерини изјавува и тоа е еден дел од самата стратегија, дека перспективите за членство на земјите од Западен Балкан ќе се мерат по сопствените заслуги и брзината на реформите на секоја поединечно. И, сега ние денеска дискутираме за нов документ, кој што не е официјален документ на Европската унија меѓутоа е предлог на Франција како нов документ. Моето прашање е: Господине амбасадоре, доколку би можеле да ми одговорите, многу би ценела. Бидејќи верувам дека граѓаните на нашата земја се прашуваат а тоа е: Уште колку нови документи ќе видиме додека Македонија 14 години веќе во чекалната добие датум за почеток на преговори.

Значи, внимавајте нема да стане членка утре, туку ќе добие датум за да преговара за да стане членка и исто така поважно на нашите анкети ако ги погледнете истражувањата на јавното мислење помеѓу младите. Младите мислат дека Македонија ќе стане членка на Европската унија најдоцна до 2025 година и ова е истражување кое што не е во целост објавено на веб страната на фондацијата, а знаете зошто. Па Жан Клод Јункер излезе и рече дека земјите од Западниот Балкан ќе станат членки до 2025 давајќи им првенствено зелено светло на Србија и Црна Гора. Нашите граѓани тука ги креираат перспективите и перцепциите за Европската унија врз база на изјавите  од европските лидери. Ако не можеме да им веруваме на европските лидери во тоа што им го кажуваат и ако постојано се менуваат изјавите дали ќе имаме перспектива или нема да имаме перспектива, тогаш

сериозно ќе се доведе во прашње кредибилитетот. Веќе кредибилитетот е доведен во прашање, меѓутоа се плашам дека ќе се доведе во прашање и поддршката од граѓанте од Европската унија.

Благодарам.

**(со седницата продолжи да претседава потпретседателката на Советот Ивана Туфегџиќ)**

Во ред, јас ќе продолжам бидејќи претседателот на Националниот совет мораше да замине поради службени обврски.

Значи ја отворам дискусијата.

Прва за пријавена за збор е колешката Шпреса Хадри од пратеничката група на ДУИ, член на Националниот совет за евроинтеграции.

Повелете.

**Шпреса Хадри:**

Ви благодарам госпоѓа претседавач.

Почитуван заменик премиер господин Османи, почитуван амбасадор, почитувани амбасадори, присутни претставници на целото општество, невладини организации и почитувани колеги пратеници. На почетокот дозволете ми да го изразам своето задоволство и на пратеничката група на Демократска унија за интеграција дека денес по недобивањето на одлуката за датум за отпочнување на преговорите од Европскот совет ние дискутираме за Нон пејперот на Франција испратена до Европската комисија за усвојување. Исто така изразувам задоволство што овој Нон пејпер е дискутиран од нашата држава пред да се усвои од Европската унија, така што нашите евентуални забелешки ќе се разгледуваат верувам. Со реафирмација на поддршката за европската перспектива на земјите од Западен Балкан на нашето разочарување и се влева надеж,  јасно потврдувајќи дека главната цел на преговорите е полноправно членство во Европската унија. Веруваме дека новите критериуми и засилени се поврзани  со давање датум на членство.

Почитувани, пристапот во однос на постепеното пристапување каде што процесот на интегрирање ќе се базира врз остварувањето истовремено и на голем број на тематски поглавја, но во поглавја каде што ќе формираат конкретни релевантни блокови и шема од Европската унија земајќи ги во предвид спецификите на секој кандидат подразбира дека треба да се работи чекор по чекор и според карактеристиките на секоја држава кандидат. Од владеење на правото и фундаменталните права кои ќе останат главен услов од моментот на отварањето на преговорите и продолжување на истите во сиот дел од сиот процес не само што ќе не доближи до нашето полноправно членство, туку ќе обезбеди подобар живот при што ќе владее правото за сите граѓани без разлика од моментот на првите чекори превземени, а во завршување на процесот. Значи тоа што е самата цел на нашето зачленување. Начелото на строги услови иако институциите и администрацијата ќе преставува дополнително потешкотии за ова и ќе бара повеќе време, ќе биде за доброто на државата бидејќи овозможува ефективно спроведување на легислативата во однос на одредена политика, базирајќи се на напредокот и неповратен напредок во областа на правото. Ова ќе не направи подобро да работиме.

Начелото за конкретни придобивки што ќе има повеќе средства од пристапните инструменти исто така ќе биде за доброто на граѓаните во насока на зголемување на економијата и животниот стандард и подобри услови за спроведување на законодавтсвото и функционирање на државата и на правото.

Начелото на реверзибилност, значи доколку целосно ги исполнува обврските резултира со назадување. Ќе обезбеди продолжување на критериумите, дава повеќе напор за подобри услови. Никако не треба да се дозволи основните начела на Европската унија да се оспоруваат, бидејќи ова е самата цел на зачленување на нашата земја во Европската унија. Ова начело ќе придонесе за побрзо на Република Северна Македонија во Европската унија и истото се базира врз пристапот да бидат ефикасни и покредибилни сите тие процеси, а преку политичкото менаџирање овој процес ќе се подржи од Комисијата преку надбљудување на напредокот од земјите кандидати. Комисијата ова го правеше до сега, а монитирањето на усвојувањето на законите и усогласеноста ќе ни овозможи да продолжиме со истото, бидејќи ние во Комисијата за европски прашања сме вршеле усогласување на легислативата на Европската унија со таа на Република Северна Македонија. Во моментот каде што имаше можност да се прави усогласување, бидејќи знаеме дека се не може да се усогласи пред зачленувањето во Европската унија. И на крај ќе реферирам на мислењето на министерот за надворешни работи на Австрија со кој целосно се согласувам господинот Александар Шалампер кој вика - ние сме готови за реформата во процесот на проширување на Европската унија, секогаш има можност за развој. Но ова не треба да води кон многу бавна тактика во однос на зачленувањето на Република Северна Македонија и Албанија, во однос на нивната европска перспектива. Благодарам.

**Ивана Туфегџиќ:** Благодарам.

Сега на ред е господинот Емил Димитриев од ВМРО ДПМНЕ, член на Националниот совет за евроинтеграции, повелете.

**Емил Димитриев:** Благодарам.

Почитувани колеги, почитувани амбасадори, останати присутни, дозволете ми на кратко да го кажам своето размислување по однос на темата која што е денеска на Националниот совет за евроинтеграции, и во духот на парламентарната демократија јас ќе кажам дека не се согласувам со размислувањата на колешката Туфегџиќ дека не треба да дискутираме за овој документ. Апсолутно сметам дека не треба да навлегуваме во извесноста дали тој документ ќе биде прифатен од страна на Европската комисија или не со оглед на тоа дека е предложен од влијателна земја членка на Европската унија го заслужува нашето внимание. Сметам дека тоа може да помогне само во подобрување на капацитетот и подготвеноста на нашата земја за отпочнување на преговорите со Европската унија. Дополнително ме радува фактот што вчера имавме прилика да слушнеме дека Владата размислува деновиве да дискутира на истата тема по истиот документ значи ретко Собранието да оди пред Владата со дискусии на теми кои што сметам дека се важни за нашата иднина и мислам дека ќе бидат од корист и за дискусиите во Влада денешниве дискусии во Собранието.

Она што вака како главни поенти можам да го видам од документот е сепак дека во документот провејува политиката на отворени врати, значи Европската унија и понатаму се

предлага да ја задржи оваа позиција што е за нас многу важна работа и второ од документот не можеме да видиме дека се предлага и второ од документот не можеме да видеме дека се предлага алтернатива на полноправното членство на земјите од Западниот Балкан, две работи кои што мислам дека ветуваат многу и даваат надеж да ние како земја аспирант добро се подготвивме во процесот на преговори. Ако внимателно се чита документот прва асоцијација која ми падна е тоа најлесно може да се спореди со верувам на сите вас еден од најдрагите периоди од вашиот живот, а тоа е периодот на студирање. Патот на еден студент до дипломирањето може многу да се спореди со она што се предлага во документот. Впрочем за мене овие начела не се нови, освен начелото на ревизибилност. Овие начела се дискутирани години и години наназад и воопшто не држи ова изненадување кое што сега се пласира, едноставно изненадувањето кое што сака да се престави гледам како на најлесен начин да се лоцира вината во другата страна, никако во нас самите. Но да се вратам на она што сакам да го кажам како споредба помеѓу патот на еден студент и патот на Република Македонија до нашата цел, а тоа е полноправното членство во Европската унија.

Првото начело е постепеното. Тоа го гледам како ситуација во кој кандидатот за дипломирање е свесен дека пред него престојат многу испити на кој треба да биде сконцентриран, добро подготвен и еден по еден да ги положи за да дојде до ефективноста, нели, дипломирањето и мислам дека не е нешто ново кое ние како земја не сме го знаеле.

Вториот критериум е строгите критериуми и прашања, на тоа гледам исто како свесност на студентот дека при испитите професорот ќе му постави многу повеќе прашања од тоа што вообичаено се поставувало до тогаш. Меѓутоа за квалитетно подготвен студент тоа е добра шанса да ја освои највисоката оценка и затоа и на овој втор момент не гледам како на нешто што е проблематично.

Третата фаза, тоа е материјалните придобивки е исто така за мене позитивна работа. Сите ние кои што сме имале прилика за време за своите студии да подработиме нешто, да поработиме на нашата економија како би си ги олесниле студиите сме виделе дека тоа не е нешто кое што смета на нашиот пат за дипломирање. Први две алатки што како држава што ни стојат на располагање тука се регионалната соработка и соработката со Европската унија во делот на користењето на ЕУ фондовите, нешто што мислам дека и како земја која што произлегла од поранешна држава има искуство во делот на соработката со земјите во регионот и земја која во овој период како самостојна држава прилично е активна односно активен чинител во регионалните иницијативи не би требало да биде проблем за наше адаптирање и соодветно однесување во оваа фаза.

Четвртата фаза можеби е некоја новина, тоа е ревизибилноста, нешто кое што е добро, меѓутоа добро е да важи за сите аспиранти. Меѓутоа длабоко филозофски гледано ова начело треба да важи и за земјите членки односно тоа начело не треба да престане од моментот на зачленувањето во Европската унија, бидејќи секој пат било која земја членка може да потфрли во делот на стандардите и критериумите за нејзино опстојување во оваа заедничка меѓународна институција. Она што за мене е правилен пристап е тоа што фокусот и понатаму се става на владеење на правото и правдата. Со оглед на тоа што Република Македонија и Европската унија односно студентот и професорот поодамна општиме значи релативно добро се познаваме професорот ги знае и предностите и недостатоците на студентот, меѓутоа од друга страна и студентот ги знае очекувањата на професорот сметам дека ќе ни помогне конечно нашата држава да го фати вистинскиот правец во делот на владеење на правото и правдата која што според мое мислење 30 години во Македонија без

разлика која политичка Влада управува до земјата, многу често лавирало од политички прогон или друг вид на прогон, до јавна или прикриена амнестија нешто што мислам дека не е добро за нашето општество, на нашите граѓани треба вистинска реална правда која што прво ќе ги усвои симпатиите на домашната јавност, граѓаните да веруваат дека оваа држава има систем кој што функционира, а понатаму ќе покажеме и кредибилност кон нашите партнери со кои преговараме да бидеме дел од едно заедничко семејство како што Европската унија.

На крајот ќе завршам со пораката со оглед на тоа што цело време компарирав нели патот на еден студент и нашата држава, по мене пораката би била време да отпочнат испитните сесии, време да добиеме датум за преговори, да почнеме да разговараме по сите овие критериуми кои што се предложени бидејќи потполно сум уверен тие не се злонамерни кон аспирантите, апсолутно имаат оправдување од аспект на националните политики на земјите кои што ги предлагаат во Европската унија. Во даден момент и ние кои што ако има одредени скептици во нашата земја ќе видиме дека можеби биле и добри од корист за нашата земја во патот за постанување полноправна членка во Европската унија. Благодарам за вниманието ова беше мое кратко видување и јас се надевам дека Македонија ќе почне конечно да ги полага испитите до своето дипломирање.

**Ивана Туфегџиќ:** Ви благодарам колега.

Патем, не реков дека не треба да се дискутира за ова туку го ставив во контекст. Следен за збор е колегата Бетијан Китев, а потоа ќе ни се обрати амбасадорот. Ве замолувам да бидеме со времето прецизни бидејќи треба да почне Комисијата за финансирање и буџет.

**Бетијан Китев:** Благодарам.

Почитувани пратеници, почитуван претседавач, почитувани претставници на медиумите, почитувани амбасадори, јас ќе бидам консеквентен и во насока на заокружување на оваа денешна дискусија би сакал да го кажам и моето мислење кое што би рекол со еден дел од досегашните дискутанти кореспондира, со еден дел не кореспондира, но тоа е би рекол убавината на дебатата и на парламентарната демократија.

Имено, почетнички би сакал да се заблагодарам на амбасадорот Тимоние заради тоа што како официјален претставник на Француската Република преку нон пејперот го рехабилитира процесот на проширување. Имено, после испратениот ужасен политички сигнал на последниот Европски совет кој што беше директно против генералните интереси на Европската Унија всушност актуелниот би рекол нон пејпер дава шанса за дополнително одржување на оптимизмот во македонската држава. И од тој аспект почитуван амбасадоре Ви благодарам, се разбира, тука му благодарам и на несебичното залагање и на италијанскиот премиер кој што преку неговата интензивна би рекол дипломатска про-активност, покажа изминатиот период дека е навистина на страната на она што е реалната вистина во моментот во Европската Унија а тоа е дека земјите од Западен Балкан треба да го заокружат процесот на нивното интегрирање во рамките на Европската Унија. Но, користејќи ја оваа можност сакам да потсетам дека оваа година 2019, поточно на 29 и 30 април, Француската Република промовираше документ - Стратегија за Западен Балкан. Нашата држава во ниту еден момент немаше ниту можност ниту сила да влијае врз одлуките на Франција да тој документ го стави на агендата, на би рекол како една нова дипломатска

иницијатива. Имено,  за потсетување тој документ кој што би рекол кореспондира исто така со она што во исто време е Берлински процес, се состои и се уште се состои од четири фундаменти. Тоа е економски и социјален развој на земјите од Западен Балкан, вториот момент е подобра безбедност, третиот фундамент е реформи во правосудството кај овие земји од Западен Балкан и четвртиот момент е се разбира инвестиции нови во одбраната. Сите четири фундаменти промовирани на 29 и 30 април од страна на претседателот Макрон беа ставени во една голема финансиска обланда која што требаше да биде процесуирана преку Француската агенција за развој заедно со германската кредитна банка. И сега доаѓаме до моментот на директен француски судир на сопствените позиции. Имено моето длабоко убедување после завршувањето на Европскиот совет е дека всушност Француската република во овој момент стравува и смета дека секое ново проширување на Европската Унија ја загрозува француската позиција во рамки на Европската Унија и затоа ние, тоа би рекол непотребен или неиздржан политички момент, треба со аргументи да го демантираме. Имено, кога се правел концептот на актуелната Европската Унија вие знаете  дека ставен е моментот на мајоризација. Ставен е моментот на одлучување на  со еднакво право на глас, ставен е моментот на вето па дури и актуелните избори на комесари ќе видите дека се проблематични внатре за процесите во Европската Унија. И сето тоа би рекол дека оди во насока да француската позиција да биде во еден момент каде што сака да се смени условно кажано методологијата за да дојдеме до еден појасен процес на пристапување и зголемување на Европската Унија. Моето убедување е дека всушност овој пристап кој што го има Франција  за пристапниот процес да биде скалест и реверзибилен е еден момент за кој што ќе треба да се изјаснат и останатите земји членки на Европската Унија но сигурно ќе треба добро да размислиме дали долгорочно ќе може да биде и тоа решение одржливо како што е и овој концепт сега на актуелната, би рекол актуелниот состав во Европската Унија. Од тој аспект сметам и сум убеден дека овој модус вивенди кој што сега го предлага Француската Република преку нон-пејперот е добра можност да го оживееме процесот. И да кажеме дека навистина местото кое што го заслужуваат и земјите од Западен Балкан и сите оние кои што претендираат да бидат дел од Европското семејство навистина е процес кој што заслужува да биде довршен до крај, бидејќи како што сите говорат нема комплетна Европската Унија без интегриран Западен Балкан. Како и да ја вртиме работата на крајот доаѓаме до моментот дека двата клучни мастодонта политички во Европската Унија се Германија и Франција исклучувајќи ја оваа какафонија која што се случува со Брегзит и евентуалната разврска од тоа, јас сум сигурен дека ќе продолжиме и понатаму да ги градиме македонско - француските односи во насока на взаемно почитување и меѓусебно разбирање. И токму од тој аспект актуелната македонска влада колку и да и се препишуваат негативности сепак на крајот ќе остане запишана во македонската историја како Влада која што сторила најмногу во процесот на доближување и остварувањето на двете клучни стратешки цели. А тоа е членство во НАТО и почнувајќи на процес со кој што ќе се доближиме до европските интеграции. Тоа не може никој да го негира и мислам дека во тој контекст одат и сите оние досегашни активности кој што ги кажа и господинот Османи, а поврзани со подготвителниот технички  скрининг кој што е веќе завршен на 33 поглавја. Во тој контекст веројатно одат и сите оние иницијативи во кој што нашата држава учествува. Само да не заборавиме дека веќе сме дел од Јадранско-јонската иницијатива која што е нешто многу важно, а која што е благодарение на Преспанскиот договор. Во исто време сме дел и го водиме заедно со Бугарија Берлинскиот процес кој што помага да влијаеме во

регионалните случувања и во односите кој што се помеѓу државите членки на Балканот. И во тој контекст мислам дека оваа шанса која што е дадена пред нас, а која што е сублимирана во овој француски нон пејпер, ќе даде добра можност да ги рехабилитираме очекувањата кој што на крајот треба да финишираат со добивање на датум на преговори кој што Македонија го заслужува и кој што е неопходен за да ја одржиме и стабилноста и целовитоста на овие земји од Западен Балкан. Тоа за нас е многу важно, тоа го заслужуваме а верувам дека Француската република на тој пат ќе ни помогне. Еве најкратко што можам е тоа. Ви благодарам.

**Ивана Туфегџиќ:** Благодарам.

Давам збор на амбасадорот, ве замолувам да се држиме до времето затоа што не чекаат од Комисијата.

**Кристијан Тимоние**: Да, ќе бидам краток затоа што треба прво Буџетот, така е и кај нас. Само да се избегне нејаснотијата нели. Во однос на говорот на претседателот на Француската Република по Советот. За прашањата нели за проширувањето, проширување кое понекогаш е без услови или проширување само заради проширување беше поставено тогаш. Зошто? Затоа што се соочивме со состојба каде што проширувањето станувашe цел само по себе. И тоа го потсети претседателот на државата дека проширувањето не е цел сама по себе туку проширувањето треба да се направи за да се зајакне Европа но и да ги зајакне сите земји кои што сакаат да и се приклучат и да можат тие да го дадат својот придонес кон посилна Европа. Силна Европа затоа што тоа го бараат граѓаните. Граѓаните бараат Европа способна да ги заштити внатре, понекогаш од нелиберални појави, но и да ги заштити од надвор кон нелојална конкуренција. И не станува збор за проширување поради само проширување или само поради стабилизирање на политички пријатели или поради стабилизирање на соседи кои што ни се пријатни и на кои им сакаме само добрим, туку претседателот е убеден европеец. Тој победи и на изборите токму на таа тема. Француското јавно мислење е европско, но не сака било каква Европа, тоа е јасно. Другото прашање дали ќе се отворат поради овие услови или не го имате кај нас тој фамозен тобоган. Имаме отворање на преговори и членство без да гледаме многу на правосудните реформи или други или каква е состојбата со корупцијата, а потоа забележуваме дека доаѓаме во состојба а вие зборувате и за младите и сосема основано. Младите ќе продолжат масовно да си заминуваат, а зошто, затоа што Унијата не им го донела тоа што го очекувале. Или држави кои што ги почнале преговорите но сепак корупцијата останува тоа што е. И што ќе сакаме од тој тобоган. Знаете тогаш одговорот во Париз е не, не го посакуваме тоа. Точно е дека има преговори кој што се почнати со одредени земји, кој што се наоѓаат можеби не толку во ќорсокак но каснат и траат долго време и затоа ние ако имаме лоши намери може да кажеме тогаш да си продолжиме и така и така ќе трае и трае барем за Турција знаеме дека до бесконечност ќе трае но нашите намери се сосема поинакви, никој нека не ги оспорува затоа што нашите намери се да успееме заедно со вас слушајќи ве, разбирајќи ве, и да има јавно мислење кое што ќе биде составен дел од европскиот проект и е веќе затоа што јас што го слушам насекаде постои верба во европскиот проект. Европскиот проект треба да биде строг, а не само своевидна лиценца на оние кои што управуваат со тоа затоа што тие го добиле датумот и потоа да можат да си прават што сакаат на внатрешен план. Јас тоа го слушам од јавното мислење знаете. И од таа гледна точка ќе ви кажам дека ние сме со

граѓаните на Северна Македонија и сакаме да успееме, заедно да успееме, заедно со вас. И господине пратеник ние не стравуваме и нема никакви стравувања од наша страна во однос на доаѓањето на  други земји членки во унијата, само сакаме тие земји да бидат доволно силни и доволно подготвени за да може граѓаните да ја контролираат својата влада но и тие земји да бидат доста силни за да можат да го споделуваат тој заеднички европски проект и за нашата стратегија за Балканот. Ви благодарам што потсетивте на тоа суштинско значење затоа што ние имаме стратегија за Балканот затоа што сметаме дека балканските земји можат да бидат додадена вредност во Европа. Понекогаш имаат и историски проблеми кои што ги решиле и ќе треба преку таа нова методологија да размислуваме не само за Балканот дека има проблеми кои што не сме ги решиле, претходно и европската изградба, изградба единствена во историјата која се гради секојдневно способна да ги подобри грешките од минатото. Особено во однос на земји кои што  не успеале да се реформираат, прашањето е сега отворено, треба да видиме како другите земји ќе реагираат во однос на овој документ  нон пејпер. Имаме веќе реакции со симпатии, реакции со критики, што е сосема нормално, но ние го почнавме процесот и уште еднаш ќе ви кажам дека посакуваме истиот брзо да заврши затоа што јас внимателно ги следев сите излагања и барањето дека постои нетрпение. Тоа нетрпение го разбираме и ќе помогнеме со нашето присуство во моментот преговараме за правните рамки и потпишувањето на договорот со француската агенција за развој. Ќе кажам дека не остануваме само на зборови туку и на терен делуваме. Ви благодарам. И искрено се надевам дека  и многу брзо ќе почне гласањето на Буџетот.

**Ивана Туфегџиќ:** Благодарам амбасадоре.

За крај да истакнам дека ниту Северна Македонија, ниту граѓаните, ниту власта, ниту опозицијата бараат проширување заради проширување, сите ние сме свесни за критериумите и борбата против корупцијата и организираниот криминал, како и владеењето на правото е во интерес пред се на нашите граѓани, не само на Европската Унија и мислам дека тоа е важно да го повторуваме постојано очигледно бидејќи се користи како аргумент иако тоа не е .

Дозволете ми на крајот да Ви се заблагодарам за вашето присуство и за оваа дебата која очигледно ќе ја имаме често на Националниот совет за евроинтеграции и се надевам дека ќе имаме чести дебати со поголемо учество на граѓанскиот сектор во истите.

Ја затварам седмата седница на Националниот совет за евроинтеграции.

Ви благодарам уште еднаш.

Седницата на Националниот совет за евроинтеграции заврши во 11:30 часот.